# ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД ГРЦИЈА

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

MUSEUM OF
BONTEMPRARY
ART
SKOPJE

# ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД ГРЦИЈА

# DONATED ART WORKS FROM GRECE

МСУ, СКОПЈЕ 1978

Учесници — Participants

Јанис Гаитис (Yannis Caitis)

Биа Даву (Bia Davou)

Ники Канагини (Niki Kanagini)

Лефтерис Канакакис (Lefteris Kanakakis)

Христо Карас (Christo Caras)

Васо Катраки (Vasso Katraki)

Димитри Кондос (Dimitri Condos)

Пенделис Ксагорарис (Pandelis Xagoraris)

Статрис Логотетис (Stathis Logothetis)

Димитри Митарас (Dimitri Mytaras)

Јанис Михас (Yannis Michas)

Емануел Пиладакис (Emanuel Piladakis)

Сотирис Сарогас (Sotiris Sorogas)

Василис Скилакос (Vassilis Skylakos)

Опи Зуни (Opy Zouni)

Од своето основање во 1964 до денес Музејот на современата уметност во Скопје во повеќе наврати, со цел да им се оддолжи на своите дарители, организираше изложби на подарени дела. На тој начин ја запознаваше јавноста не само со подарените дела што остануваат во трајна сопственост на градот Скопје. туку и со современиот миг на ликовното творештво во поедини земји: Франција, Италија, Полска, ЧССР, Унгарија, ДДР, Бразил и др.

Овој пат Музејот со посебно задоволство ги прикажува подарените дела од соседна Грција, како знак на искрена благодарност за нивниот придонес втемелен во богатиот меѓународен фундус уметнички дела. Делата кои ги прикажуваме на оваа изложба се израз на длабоките пријателски чувства што уметниците ги имаат спрема нашата земја. Тие се израз на духот на големата солидарност и желбата за присутноста во оваа единствена меѓународна колекција на современата ликовна уметност.

Основите на колекцијата на современата грчка уметност во Скопје беа поставени од Васо Катраки и Емануел Пиладакис, учесници на Меѓународното графичко биенале во Љубљана, кои уште во 1965 година подарија свои дела. Нешто понасно и Јанис Гаитис го даде својот придонес за Музејот. Овие експонати заедно со новите подарени дела од уште 12 современи грчки уметници претставуваат ликовна панорама и расветлуваат некои од најкарактеристичните насоки во современата грчка уметност денес. Изразните средства на присутните уметници се различни. Различна е и нивната генерациска припадност. Но заедничко за сите е идентичниот став спрема современиот живот и неговото ликовно транспонирање. Своето образование го стекнувале главно на Високата школа за ликовни уметности во Атина, но мошне често и надвор од земјата: во Франција, САД, Италија, Австрија, Швајцарија. Тоа секако придонесло за проширувањето на нивните видици и доближувањето до универзалните токови на уметничката мисла. И додека постарите генерации ликовни уметници во Грција се обидуваа таа универзалност да ја поврзат со богатата ликовна традиција во оваа земја, кај помладите, особено во последниве десетина години се забележуваат повеќе експериментирања. Тие поминуваат скоро низ сите ликовни стилови на дваесеттиот век, што му припаѓаат и на апстрактниот и на фигуративниот начин на изразување.

Васо Катраки во повеќе графички техники негува експресивна фигурација. Емануел Пиладакис во своето сликарство преку апстрактен израз во сиво-црни колористички односи се инспирира од природните форми. До апстрактниот начин на изразување, но со нагласен лирски призвук е близок и Димитри Кондос.

Група авангардни уметници, собрани околу уметничката група „Процеси-системи" се изразува преку геометриската апстракција со модифицирани елементи на поп-арт и оп-арт. Опи Зуни создава тродимензионални објекти-релјефи, креира форми во простор, организирани во повеќе компартименти каде ликовните медиуми се крајно редуцирани. Јанис Михас го разработува геометрискиот концепт во уметноста, опсервирајќи ја природата и оптичките феномени. Биа Даву со знаци — симболи на денешниот урбанизиран свет исто така е блиска до геометриската апстракција во своето сликарство. Панделис Ксагорари ги проучува можните трансформации на формата и изведува дела со електронски ординатор, базирајќи се на математички формули. И Ники Канагини, со своето дело во комбинирана техника е блиска до авангардните експериментирања во современата грчка уметност.

Мошне често уметниците ги преобликуваат во своите дела отфрлените од потрошувачкото општество материјали во нови уметнички форми. Тие создаваат дела во вид на објекти-предмети, полни со пораки и протести, шокантни и општествено ангажирани. Статис Логотетис во својот творечки опус поминува низ повеќе фази: од еден вид антропоморфизам, преку нонфигуративни композиции до апстрактни објекти кои имаат структура што асоцира на зарастени лузни од длабоки рани. Со својата релјефна композиција слична на асамблажите на Луиза Невелсон, Васили Скилакос создав аедна нова организација од отфрлени предмети во боено дрво, каде кругот како елемент го спротивствува на вертикалните и хоризонтални дрвени делови.

Обновената фигурација е присутна во повеќе варијанти. Јанис Гаитис, во својот творечки развиток коминал низ неколку фази. Од апстрактен сликар во почетниот период се определил за фигуративниот израз во кој користи некои начела на изменет поп-арт, длабоко навлегувајќи во животната проблематика на современиот човек, оттуѓен и обезличен во градскиот метеж.

Природата и предметите од секојдневна употреба што ги среќаваме во сликите на некои од уметниците, изолирани од стварноста стануваат своевидни мртви природи, изведени во контекстот на хиперреалистичкото сликарство, понекогаш со присутни надреалистични призвуци и со далечни реминисценции за старите култури (Сотирис Сорогас, Димитри Митарас, Лефтерис Канакакис и Христо Карас.)

* * *

Уште еднаш сакаме на сите уметници дарители најтопло да им се заблагодариме, а особено на големиот пријател на Музејот Јанис Гаитис, кој беше главниот иницијатор на акцијата за подарување уметнички дела во Атина, со голем ентузијазам ја водеше и комплетно ја приведе кон крајот.

Се надеваме дека, после недамно одржаната изложба на Современата југословенска уметност во Националната пинакотека во Атина, изложбата Подарени дела од Грција што се одржува во Музејот на современата уметност во Скопје ќе биде уште еден придонес за по комплетното запознавање со уметничките дострели во двете наши земји.

Љубица Дамјановска

The Museum of Contemporary Art Skopje was founded in 1964 immediately after the catastrophic carthquake at Skopje, thanks to donations of forty countries from all parts of the world. Since then a great number of exibitions nas been organized at the Museum to inform the public not only about donated works, but of the new trends in contemporary art of donors as: France, Italy, Poland, Czechoslovakia, DDR, Brazil and others.

As a sign of sincere gratitude foran unselfish contribution to enrich our international collection, the Museum is presenting this time works of art donated by artists from the neighbor country Greece. The works presented at the exhibition are result of deep lriendly feelings of the Greek artists towards Yugoslavia. They are also a great expression of solidarity spirit and desire to participate in this unique collection of the cntemporary art in general.

It must be said, the foundation of the Greek contemporary art collection at the Museum had been laid already in 1965 by the donated works of Mrs. Vasso Katraki and Mr. Emanuel Piladakis. Not long after that, Mr. Yannis Gaitis, the great friend of this Museum joined them by donating himself an art work that many years was part of our permanent collection, and still is. With the latest donated works by twelve contemporary artiste from Greece we get an insight into the very instant that illustrates some of the most characteristic trends in the contemporary art of Greece today.

Expressing our deep gratitude to all Greek donors, we would like to underline specially the support of Mr. Yannis Gaitis who initiated the action and who with great enthusiasm brought it to the end completely.

After the Exhibition of Yugoslav Contemporary Art recently held at the National Pinacotheca in Athens, we hope the Eähibition of Donated Art Works from Greece would be another contribution to t greater insight into art accomplishments of our two friendly countries.

Ljubica Damjanovska

Јанис ГАИТИС, сликар и скулптор

Роден во Атина 1923. Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Атина. Се занимава со сликарство и скулптура. Подолго време живеел и работел во Париз.

Самостојни изложби: Атина — 1944, 1945, 1954, 1959, 1961, 1964, 1966, 1967, 1969, 1982, 1973, 1974, 1975, 1977; Париз — 1957, 1961, 1962, 1964, 1966, 1971; Ремс (Франција) — 1958; Торино — 1959; Скопје, Белград — 1978.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и странство: панхеленистичните изложби во Атина 1948, 1958; Меѓународното биенале во Сао Паоло 1952, 1963, 1967; Есенскиот салон во Париз 1955; Салонот на новите реалности во Париз 1956, 1958; Салонот на големите и малите на денешницата во Париз 1972; Мајскиот салон во Париз 1970; Меѓународната изложба на ликовни уметности во Белград 1977 и многу други.

Живее и работи во Атина: Yannis Gaitis. 35 Mavromatheon, Athens Greece.

1. ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ, комбинирана техника дрво, 180x120x25, 1969

2. ОГЛЕДАЛО, масло и боено дрво, 200x100x x10, 1977

3. ЧОВЕЧКА СИЛА, сериграфија во боја, О.А., 64x50 (82x62), 1975



Биа ДАВУ, сликар и скулптор

Родена во Атина на 11. X 1932. Студирала сликарство на Грчкото студио од 1952—1958. Повеќе студисни патувања во Европа и САД.

Самостојни изложби: Атина — 1960, 1967, 1970, 1974; Солун — 1962.

**Групни изложби:**

Учествувала на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: VII биенале во Александрија 1967; Салонот на младите скулптори во Париз 1973, на изложби во Москва, Париз, Варшава, Будимпешта и др. Од 1975 година е член на уметничката група „Процеси-системи".

Живее и работи во Атина: Bia Davou, 40, Eug. Karavia St., Athens (906), Greece

1. ОРГАНИГРАМ I, акрилик на платно, 125x104, 1972/73


NAI
NAI

Ники КАНАГИНИ, сликар

Родена во Александрополис (Грција) 1933. Студирала на Школата за цртеж и применета уметност во Лозана од 1952—1954. Студирала сликарство на Високата школа за ликовни уметности во Атина од 1954—1958. Од 1958—1961 студирала стикарство и добила диплома на Централната школа за уметност и графика во Лондон.

Самостојни изложби: Порто-Рафти — 1974; Рим — 1962; Атина — 1965, 1969, 1971, 1973, 1974, 1976.

**Групни изложби:**

Учествувала на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и странство: VII панхеленистичка изложба во Атина 1965; II и V меѓународно биенеле на таписерија во Лозана 1965, 1971; V меѓународно биенале на таписерија во Варшава 1971; на изложбата „Структури" во Гетеовиот институт во Атина 1978 и др.

Живее и работи во Атина: Niki Kanagini, 38, Samara St., Palalo Psychico Athenes, Greece

5. ВЕСНИЦИ I, комбинирана техника на хартија, 200x140, 1975



Лефтерис КАНАКАКИС, сликар

Роден во Ретимнон (Крит) во 1934. Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Атина кај професорите Ј. Моралис и С. Папалукас. Од 1960—1966 студирал на Школата за убави уметности во Париз.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе групни изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: прв пат излагал во Ритимнон 1960; на изложби во Париз, Лондон, Амстредам и др., на Биеналето на младите во Париз 1970; на Меѓународната изложба на ликовните уметности во Белград 1977 и др.

Живее и работи во Атина: Lefteris Kanakakis, 13, Messinias St., Athens, Greeece

6. МРТВА ПРИРОДА СО КАПА, масло на платно 73x92, 1974



Христо КАРАС, сликар

Роден во Трикала (Грција) на 9. 12. 1930. Студирал на Школата за политички науки од 1948-1950, на Националната школа за убави уметности во Атина од 1951—1955. Усовршувал фреско-техника на Школата за убави уметности во Париз од 1957—1960. Се вратил во Грција во 1960. Извесно време работел во Белгија, Холандија, Шпанија, Италија и во Лондон. Во 1973 со помош на Фордовата фондација престојувал две години во САД.

Самостојни изложби: Атина — 1961, 1963, 1964, 1966, 1969, 1970, 1972, 1973, 1975; Ан-Арбор (САД) — 1967; Никозија (Кипар) — 1969; Солун — 1972.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и странство и на меѓународни изложби: Есенски салон во Париз 1958; Биеналето на младите во Париз 1959, 1963; VI биенале во Александрија 1965; Биеналето во Сао Паоло 1967 и др.

Живее и работи во Атина: Christo Caras, 6, Genadiov St., (Terma odou Olympou - Halandri), Athens, Greece

7. МОНУМЕНТ, цртеж со мастило и молив на хартија, 97x71. 1977



Васо КАТРАКИ, графичар

Родена во Етоликон (Мезолонги) — Грција на 3. VII 1914. Дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Атина 1940. Студирала сликарство и графика. Студиски патувања во Германија, Италија, СССР, Кина, Швајцарија. Од 1965 година е почесен член на Фирентинската академија за цртеж. Се занимава со илустрација на книги, и списанија и со внатрешна декорација.

Самостојни изложби: Атина — 1955, 1959, 1960; Солун — 1961; Пекинг — 1964.

**Групни изложби:**

Учествувала на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: Современа грчка уметност во Стокхолм 1947; Современа грчка уметност во Рим 1953; во Женева 1954; во Шведска 1955 и др., како и на повеќе меѓународни изложби: Меѓународната графичка изложба „Ксилон“ во Цирих 1956; Биненалето во Сао Паоло 1957;

Изложба на медитеранските земји во Александрија 1958;

Меѓународното биенале во Токио 1960; Меѓународното графичко биеенале во Љубљана 1961, 1963, 1965, 1971, 1973, 1975, 1977; XXXIII меѓународно биенале во Венеција и др.

Добитник е на повеќе меѓународни признанија: Прва награда за графика на Изложбата на медитеранските земји во Александрија 1958; Награда на Графичкото биенале „Бело и црно“ во Лугано 1958; Награда за графика на XXXIII Меѓународното биенале во Венеција и др.

Живее и работи во Атина: Vasso Katraki, 11, Leof. Karapanou, Glyfada, Athens, Greece

8. БЕЛ КОЊ, дрворез, 10/20, 88x55 (107x76), 1963

9. ЦРН КОЊ, дрворез, 9/20, 82x57,5 (96,5x69), 1963



8

Димитри КОНДОС, сликар

Роден во Триполи (Грција) 1931. Студирал сликарство на Академијата за ликовни уметности во Атина од 1950—1955. Ги продолжил студиите во Италија и во Париз од 1961—1962. Во Грција се вратил во 1963.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе изложби на современото грчко сликарство во земјата и странство: Милано, Ливорно, Наполи, Болоња, Фиренца, Хелсинки, Париз и др.

Живее и работи во Атина: Dimitri Condos, 6, Logothetidi St., Ambelokirous, Athens, Greece

10. „ОМОГЕНЕЗИС I“, масло на платно, 55x38, 1971

11. „ОМОГЕНЕЗИС II“, масло на плано, 61x38. 1971



Панделис КСАГОРАРИС, сликар, скулптор, математичар, компјутерски уметник.

Роден во Пиреј (Грција) на 9. X 1929. Студирал сликарство на Високата школа за ликовни уметности во Атина од 1948—50, како и математички науки на Универзитетот во Атина. Повеќе студиски патувања во Европа и САД.

Автори е на повеќе членци и есеи за „Новите тенденции" во списанија за уметност.

Самостојни изложби: Атина — 1967, 1971, 1974

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и странство: VI, VII и VIII панхеленистичка изложба во Атина 1960, 1963, 1965; I4 панхеленистичка изложба на млади уметници во Атина 1962; Репрезентативна современа грчка уметност на Кипар 1970; Современа грчка уметност во Музејот Хаконе во Токио 1976; Современа грчка уметност во Софија 1977; Изложба „Структури" во Гетеовиот институт во Атина 1978 и др. Член е на уметничката група „Процеси системи" од 1975. Добитник е на II награда за сликарство на II панхеленистичка изложба на млади уметници во Атина 1962. Ја користел стипендијата на Фордовата фондација во 1973-74.

Живее и работи во Атина: Pandelis Xagoraris, 40 Eug. Karavia St., Athens, Greece

12. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЕДНА ФОРМА, цртеж на хартија изведен со електронски ординатор, 79x84, 1975

12



Статис ЛОГОТЕТИС, сликар

Роден во Бургаз (Бугарија) од грчки родители на 28. VI 1925. Студирал медицина и Музичка академија. Ги усовршувал студиите на Музичката академија во Виена во 1953. Од 1954 се занимава со сликарство, како самоук. Подолго време живеел во Солун.

Самостојни изложби: Солун — 1959, 1960, 1964, 1966, 1970, 1972; Виена — 1965; Атина — 1969, 1973, 1975; Берлин — 1973.

**Групни изложби:**

Учествувал од 1956 година на повеќе значајни изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: Берлин, Франкфурт на Мајна- Штутгарт, XIII биенале во Сао Паоло 1975; IX меѓународен фестивал на сликарството во Кан сир мер 1977, Панорама на грчкото сликарство во Дортмунд 1976 и др.

Добитник е на Специјално признание на жирито на IX меѓународен фестивал на сликарството во Кан сир мер 1977.

Живее и работи во Атина: Stathis Logothetis, 48, Erechthelou, Athens (402), Greece

13. ДЕЛО 58, објект, комбинирана техника, боена врека, 50x80, 1966



13

Димитри МИТАРАС, сликар

Роден во Халкис (Грција) 1934. Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Атина и Националната школа за применети уметности во Париз. Се занимава и со сценографија.

Прв пат излагал во 1960 во Атина. Приредил повеќе самостојни изложби.

**Групни изложби:**

Учествувал на изложбите на современата грчка уметност во земјата и во странство, меѓу кои и на Меѓународната изложба на ликовните уметности во Белград 1977, на која ја претставувал современата грчка уметност.

Живее и работи во Атина: Dimitris Mytaras, 81, Panarmou, Athens, Greece

14. МРТВА ПРИРОДА, масло на платно, 100x140,



Јанис МИХАС, сликар и скулптор

Роден во Атина на 5. IV 1938. Го изучувал сликарството во ателјето на Костас Илиадес од 1955-1958, а потоа студиите ги продолжил во Париз на Школата за применети уметности од 1958—1962, на која и дипломирал во 1962 година.

Самостојни изложби: Атина — 1973, 1974, 1976, 1978; Солун — 1974.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе значајни изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство, како и на меѓународните изложби: Националниот салон на ликовните уметности во Париз 1959; Салон на младите скулптори во Париз 1975, 1976, 1977; Салон на големите и младите на денешницата во Париз 1975 и 1976 и др. Член е на уметничката група „Процеси — системи“.

Живее и работи како професор по уметност на Техничката школа во Атина: Yannis Michas, 30, Marathonos, St., Athens (106), Greece

15. КОМПОЗИЦИЈА А 58, објект комбинирана техника, дрво и хромирана бронза, 100x100, 1976



Емануел ПИЛАДАКИС, сликар и графичар

Роден во Александрија (Египет) во 1927. Студирал на Универзитетот во Орегон (САД) од 1958—1960. Работел како ликовен педагог на Универзитетот во Орегон до 1962, кога преминал во Атина. Работи како директор на Уметнчкиот оддел на Американската школа во Атина.

Самостојни изложби: Орегон — 1960; Атина — 1962, 1963; Солун — 1964; Преторија — 1966.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе ликовни изложби во САД од 1957—1965; на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство од 1960, меѓу кои: Современа грчка уметност во Салцбург 1964; во Буенос Ајрес 1965; во Берлин 1965; VI меѓународно графичко биенале во Љубљана 1965; VIII биенале во Александрија 1965; VI медитеранско биенале во Александрија 1965; I меѓународно биенале во Краков 1966; V меѓународно биенале во Токио и др.

Добитник е на неколку почесни признанија на Универзитетот во Орегон во 1959; Музејот на современата уметност во Сан Франциско во 1961; II награда за сликарство на VI биенале во Александрија 1965 и др.

Живее и работи во Атина: Emanuel Piladakis, 29, Hydra — Halandri, Athens, Greece

16. ПОВРШИНА: БР. 27, масло на платно, 170x190, 1965



Сотирис СОРОГАС, сликар

Роден во Атина на 22. II 1936. Го изучувал сликарство на Високата школа за ликовни уметности во Атина од 1957—1961 кај професорот Јанис Моралис, на која и дипломирал во 1961. Ја изучувал и византиската хагиографија. Работи како професор по сликарство и слободен цртеж на Техничката школа и Архитектонскиот факултет во Атина.

Самостојни изложби: Атина — 1972, 1975; Солун — 1972; Келн — 1972.

**Групни изложби:**

Учествувал на повеќе изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: VIII панхеленистичка изложба во Атина 1965; Група 6 во Атина 1969; и во Солун 1970; Грчки уметници во Музејот Хаконе во Токио 1976; Arte Fiera 76 во Болоња 1976; Arte 7 во Бале — Швајцарија 1970; Грчко сликарство во Дортмунд (Германија) 1976; Современа грчка уметност во Софија 1976 и др.

Живее и работи во Атина: Sotiris Sorogas, 34, Astydamantos St., Pangrati, Athens, Greece

17. КАМЕЊА, кобнинирана техника на платно, 130x151, 1974



Василис СКИЛАКОС, скулптор

Роден во Киатон (Коринт) на 24. V 1930. Студирал уметност од 1957—1960 година.

Самостојни изложби: Копенхаген — 1960; Атина — 1973, 1976; Рим — 1974.

**Групни изложби:**

Учествувал на изложби на современата грчка уметност во земјата и во странство: Париз и др.

Живее и работи во Атина: Vassilis Skylakos, 6, Koumpari, Athens (138), Greece

18. ОБЈЕКТ — БЕЗ НАСЛОВ, комбинирана техника, дрво и метал, 81x70x12 1976



Опи ЗУНИ, сликар

Родена во Каиро (Египет) 1941. Студирала сликарство и керамика во Каиро од 1959—1962; на Високата школа за ликовни уметности во Атина кај професорот Јанис Моралис од 1963--1968; керамика од 1963—1965; сценографија и декорација од 1967—69.

Самостојни изложби: Бијариц — 1970; Атина — 1871, 1973, 1974, 1975, 1978.

**Групни изложби:**

Учествувала на изложбите на современата грчка уметност во земјата и во странство, меѓу кои: IX панхеленистичка изложба во Атина 1967; Салонот на самостојните во Париз 1970; VII биенале во Александрија (по покана на египетската влада); III меѓународен фестивал на сликарството во Кан сир мер 1971; 11 грчки уметници во Амстрадам 1973; Салонот на младите скулптори во Париз 1973, 1974; XVI Салон на големите и младите на денешницата во Париз 1975 и др.

Член е на уметничката група „Процеси — системи“.

Живее и работи во Атина: Opy Zouni, 22, Vrillission P. Penteli, Attiki, Greece

19. ШИРЕЊЕ НА ЕДНА ПОВРШИНА, ентериер, студија, боено дрво, 190x183,5 1978 (делото е реализирано специјално за Музејот на современата уметност во Скопје)



**тетекс**

ТЕТОВО



*МОДЕЛИ ИСПИРИРАНИ ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО*



Издава

Музеј на современата уметност, Скопје

Одговорен уредник:
Соња Абаџиева Димитрова

Предговор и подготовка на каталогот
Љубица Дамјановска

Организацијата на изложбата
Александар Ѓурчинов

Ликовно обликовање
Димитар Малиданов

Превод на англиски јазик
Невенка Лазеска

Фотографии
Блаже Мицевски

Печатница
ООЗТ „Светлост“ — Скопје

Тираж:
500 примероци